| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **VITAMIN AD3E**<br>retinol + holekalciferol + tokoferol | раствор за перорална примена<br>шишенце од 100 ml<br>шишињаод 1000 ml | Лекот може да се издава само на лекарски рецепт (Р) | ICN-JUGOSLAVIJA d.d<br>Zemun, SR Jugoslavija<br>ИЦН-ГАЛЕНИКА д.о.о.<br>Скопје, Р. Македонија | бр.11-9091/2<br>23.03.1998 год. |
| **VITAMIN AD3E - S**<br>retinol + holekalciferol + tokoferol | Инјекциски раствор<br>шишенце од 100 ml | Лекот може да се издава само на лекарски рецепт (Р) | HEMOFARM<br>Vrsac, SR Jugoslavija<br>ХЕМОФАРМ КОМЕРЦ<br>Скопје, Р. Македонија | бр.11-4865/2<br>22.07.1998 год. |
| **VITAMIN B-KOMPLEKS**<br>B1 + B2 + B6 + B12 + nikotinamid + dekspantenol | Инјекциски раствор<br>кутија со 5 ампули од 5 ml<br>шишенце од 50 ml и 100 ml | Лекот може да се издава само на лекарски рецепт (Р) | ICN-JUGOSLAVIJA d.d<br>Zemun, SR Jugoslavija<br>ИЦН-ГАЛЕНИКА д.о.о.<br>Скопје, Р. Македонија | бр.11-9090/2<br>23.03.1998 год. |
| **VITAMIN C**<br>askorbinska kiselina | Инјекциски раствор 100 mg/ml<br>кутија со 5 ампули од 10 ml | Лекот може да се издава само на лекарски рецепт (Р) | PLIVA A.D.<br>Zagreb, R. Hrvatska<br>ПЛИВА СКОПЈЕ д.о.о.<br>Скопје, Р. Македонија | бр.11-7248/2<br>02.12.1997 год. |
| **VITAWERFFT AD3E**<br>retinol + holekalciferol + tokoferol | Инјекциска суспензија<br>шишенце од 100 ml | Лекот може да се издава само на лекарски рецепт (Р) | WERFFT-CHEMIE<br>Ges.m.b.h Viena, R. Avstrija<br>ВИТА- ВЕТ д.о.о.<br>Скопје<br>Р. Македонија | бр.11-7077/2<br>23.02.1998 год. |
| **ZEDEX-100®**<br>kompleks ferri hydroxid dextran | Инјекциски раствор 100 mg/ml<br>шишенца од 50 ml, 100 ml и 250 ml<br>шише од 500 ml | Лекот може да се издава само на лекарски рецепт (Р) | АЛКАЛОИД<br>АЛКАЛОИД А.Д.<br>Скопје<br>Р. Македонија | бр.11-8399/2<br>01.02.1996 год. |

Бр. 11-6802/1
25 август 1999 година
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство и водостопанство
**Марјан Ѓорчев,** с.р.

## ИСПРАВКИ

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ" број 44/99), се направени грешки поради што се дава

### ИСПРАВКА НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Во член 19 став 2 точка 2 наместо зборот „према" треба да стои зборот „спрема".

Во членот 28, во петтиот ред наместо бројот „2" треба да стои бројот „1".

Во членот 30 став 1 точка 6 во третиот ред по зборот „колички" треба да стои запирка.

Во членовите 22 став 1, 23 точка 20, 34 ставови 1, 2 и 3, 36 став 1, 37 став 1, 52 став 2, 58 став 1, 63 став 1, поднасловите пред членовите 23 и 24, насловот VIII и поднасловите пред членовите 35 и 37 наместо зборот „одбиток" односно „одбитокот" треба да стои зборот „одбивка", односно „одбивката".

Во членот 22 став 2 наместо зборовите „бил одобрен одбиток" односно „го исправи одбитокот" треба да стојат зборовите: „била одобрена одбивка", односно „ја исправи одбивката".

Во член 27 став 1 точка 4 по зборот „реекспорт" наместо сврзникот „и" треба да стои точка и запирка.

Во член 35 точка 1 по зборот „закон" наместо сврзникот „и" треба да стои точка и запирка, а во точка 2 потточка д) по зборот „добра" наместо точка треба да стои точка и запирка.

Во членот 51 став 5 наместо зборовите: „реченица 1" треба да стојат зборовите: „првата реченица".

Во членот 54 став 2 точка 2 после зборот „вредност" наместо точка треба да стои точка и запирка.

Број 10-3300/2
9 септември 1999 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на Република Македонија

Врз основа на член 80 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Сл. весник на Република Македонија" бр. 27/86 и 17/91), Републичката геодетска управа донесува

## РЕШЕНИЕ

Се врши исправка во став 1 на Решението бр. 09-3218/1 од 23.07.1999 година објавено во „Службен весник на Република Македонија" бр 47/99 и наместо зборот „Крушево" треба да стои зборот „Житоше".

Во останатиот дел решението останува непроменето.

Бр. 09-3218/2
10 септември 1999 година
Скопје

Директор,
дипл. правник **Ѓорѓи Лазески,** с.р.